# З А П И С Н И К

**од триесет и четвртиот состанок на Комисијата на**

**Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година**

Триесет и четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 22.12.2025 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Jeton Akiku, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и четвртиот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и третиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Разгледување на доставените документации по јавниот конкурс за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и четвртиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со предлогот од точка 3 збор зема членот на комисијата Адмирим Алити, кој достави писмена заведена Изјава за изземање од постапката поради судир на интереси.

Отканo членот Адмирим Алити го напушти состанокот останатите членови на Комисијата пристапија кон разгледување на доставените документации по јавниот конкурс за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации при што се констатираше дека во предвидениот рок до Агенцијата се пристигнати осум пријави и беа разгледани апликациите од сите кандидати.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 16:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател___________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член___________________

Насер Адеми, член______________________

Наш број 0102-57/2

Скопје 23.12.2025 година